РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 36-та седница одржана на 20.07.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-1350/1 од 17.04.2025 година, против Министерството за ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК оцени дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со бр. 12-1350/1 од 17.04.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 17.04.2025 година, поднесена е пријава против Министерството за ---- и оформен е предметот со број 12-1350/1 од 17.04.2025 година.
Пријавата е насловена до Министерството за ----, а истата содржи прашања со кои бара појаснување во врска со јавниот повик објавен на ---- година, за избор на учебници по странски јазици, односно барање за информација за тоа кои биле издавачите кои конкурирале со адаптирани учебници, за кој временски период ги добиле сите неопходни дозволи за адаптација, како и информација за тоа кои

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

издавачи однапред знаеле дека ќе остане постојната наставна програма, од причина што мнозинството барало промена на истата.

Подносителот ги повикува надлежните институции итно да постапат и обезбедат транспарентност во спорниот процес со цел да се заштител интегритетот на јавниот повик и довербата на наставниците, учениците и родителите во образовниот систем.

ДКСК констатира дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување, односно дека за наводите на подносителот на пријавата кои се однесуваат на поставени прашања за наведената постапка, надлежен орган за одговор на истите е Министерството за образование и наука на РСМ, до каде е и упатена пријавата.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: З.Б. Член на ДКСК